# УПАТСТВО ЗА КОРИСТЕЊЕ НА Е – БИБЛИОТЕКА

**https://e-lib.ugd.edu.mk/**

## НАЈАВА

Со кликнување на линкот, корисникот се пренасочува кон веб-страницата на е-библиотеката, која служи како централен ресурс за пристап до електронски книги, списанија, научни статии и други дигитални ресурси.

Системот може да се користи целосно само по најава со корисничко име и лозинка доделени од Универзитетот „Гоце Делчев“ (УГД). Ова обезбедува дека само овластени корисници, како студенти и наставен кадар, имаат пристап до сите ресурси и услуги на е-библиотеката.

За најава, прво се кликнува на копчето „Најави се“, по што системот нè пренасочува на страницата за најава. На таа страница потребно е да ги внесеме корисничкото име и лозинката, по што се овозможува целосен пристап до дигиталните ресурси, пребарување на базите на податоци, симнување на документи и користење на дополнителните алатки и услуги кои ги нуди е-библиотеката.



Корисникот ги внесува своето корисничко име и лозинка, при што корисничкото име е во формат **ime.broj _indeks**, и лозинката со која се најавувате на другите сервиси на УГД (е-пошта, е-индекс, е-учење).

По внесувањето на овие податоци, се кликнува на копчето „Најави се“, со што се овозможува пристап до системот на е-библиотеката.



Откако ќе се најавиме во системот, корисникот добива целосен пристап до сите функционалности и ресурси на е-библиотеката. Во интерфејсот, од левата страна се наоѓа менито за навигација, каде што корисникот го избира својот факултет.

По изборот на факултетот, системот нè пренасочува кон делот каде што се прикажани сите книги, публикации и други ресурси кои припаѓаат на тој факултет.



Дополнително, во левото навигациско мени корисникот може да пристапи до различни дополнителни ресурси и содржини како задолжителната литература на УГД, линкови кон е-библиотеки, библиотеки – соработници на УГД, бесплатни е-книги, е-изданија на УГД, како и сервисите на УГД.



## ПРЕЗЕМАЊЕ НА КНИГИ

Ја избираме книгата која ни е потребна и кликнуваме на копчето **„Преземи“** за да ја преземеме.



Потоа системот нè пренасочува на страница каде што треба да штиклираме дека се согласуваме со условите за користење на материјалот. Откако ќе ја потврдиме согласноста, кликнуваме на копчето „Преземи“.

По притискањето на копчето, ќе се отвори страницата со книгата, од каде што можеме да ја преземеме и зачуваме на нашиот уред.



## КОНТАКТ

Универзитет „Гоце Делчев“ - Кампус 2,

Крсте Мисирков бб - Штип, 2000, Македонија

Телефон: +389 (32) 550 534

Е-пошта: ceu@ugd.edu.m